Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-243/2
09.07.2021 год.
Скопје

Постапувајќи по претставка бр. 0801-243/1 од 30.07.2019 поднесена од [redacted] од Скопје против [redacted] ДООЕЛ Скопје за сторена дискриминација врз основа на пол во областа на вработувањето, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 08.07.2021 го донесе следново

# М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА** ИЗВРШЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на пол во областа на вработувањето и работните односи од страна на [redacted] ДООЕЛ Скопје врз сите граѓани, припадници на машкиот пол.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 30.07.2019 беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] со седиште на улица [redacted] во Скопје против [redacted] ДООЕЛ Скопје со седиште на улица [redacted] од Скопје.

Во претставката [redacted] наведува дека [redacted] ДООЕЛ Скопје преку објавување на оглас за вработување, извршиле директна дискриминација врз основа на пол во областа на вработувањето и работните односи согласно член 5 и 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Имено, [redacted] ДООЕЛ Скопје на својот профил на социјалната мрежа Фејсбук (Facebook), на 27ми март 2019 година објавиле оглас за вработување во кој пишува: „[redacted] ГЕЛАТЕРИА ВРАБОТУВА. ДОКОЛКУ ВИЕ ИЛИ ВАШАТА ДРУГАРКА СТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ДА БИДЕТЕ ДЕЛ ОД [redacted] ТИМ, ДОБРОДОЈДЕНИ СТЕ НА НАШИОТ ЛОКАЛ ВО УЛ. [redacted] ИЛИ ДА СЕ ЈАВИТЕ НА ТЕЛ [redacted]. СПОДЕЛИ ГО СО ПРИЈАТЕЛКИТЕ“. Дополнително, огласот за вработување со истата содржина е објавен и на нивниот кориснички профил на социјалната мрежа Инстаграм (Instagram). Наводите содржани во претставката Хелсиншкиот комитет за човекови права ги докажуваат преку приложување на принтскрин (printscreen) од огласите објавени на социјалните мрежи Фејсбук и Инстаграм. На огласите видно се истакнати корисничките имиња на [redacted] ДООЕЛ, односно, [redacted] е корисничкото име на социјалната мрежа Фејсбук додека [redacted] е корисничкото име на социјалната мрежа Инстаграм.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на [redacted] поткрепено со доволно број на докази кои докажуваат вршење на директна дискриминација врз основа на пол од

страна на ДПТУ [redacted] ДООЕЛ Скопје. Во таа насока, при извршен увид на корисничките профили на двете социјални мрежи на [redacted] ДООЕЛ, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека корисничките профили се идентични со оние наведени како прилози во претставката, а дополнително се утврди дека логото на [redacted] ДООЕЛ е исто така идентично со доказите во претставката што се утврди фактот дека објавите припаѓаат на ова правно лице. Сепак, од увидот се утврди дека огласите за вработување објавени на социјалните мрежи на [redacted] ДООЕЛ на 27ми март 2019 година, се веќе избришани но сепак останува фактот дека во тој период, при процесот за вработување, правото на работа на припадниците на машкиот пол било прекршено. Следствено, припадниците на машкиот пол биле дискриминирани врз основа на пол во областа на вработувањето и работните односи.

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека во конкретниот случај **постои повреда на правото на еднаквост**, односно [redacted] ДООЕЛ во својство на ДПТУ/потенцијален работодавач извршиле дискриминација врз основа на пол врз припадниците на машкиот во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација. [redacted] ДООЕЛ преку содржината на јавниот оглас за вработување испраќа порака дека вработува само припаднички од женскиот пол, со што правото на работа на припадниците на машкиот пол и другите полови е повредено. Врз основа на ова, [redacted] ДООЕЛ го нарушува принципот на еднакви можности што е загарантиран во бројни меѓународни документи но и Уставот кој ја гарантира еднаквоста на сите граѓаните во земјата независно од полот и други основи кои што се наведуваат. Бидејќи објавите/повиците за вработување на социјалните мрежи на [redacted] ДООЕЛ се веќе избришани, Комисијата за спречување од дискриминација не може да побара отстранување на повредата при нееднакво постапување но, КСЗД препорачува [redacted] ДООЕЛ во иднина да создаде услови кои ќе овозможат процес на вработување кој ќе биде инклузивен за сите граѓани и граѓанки без оглед на пол но и други основи кои можат да бидат предмет на дискриминација. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 став 6 ќе го следи извршувањето на оваа препорака и доколку утврди дека [redacted] ДООЕЛ и во иднина го крши правото на еднакви можности при вработувањето врз основа на пол, во тој случај согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе достави Барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Имајќи го во предвид принципот на еднакви можности при вработувањето, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја носи следната

## О П Ш Т А П Р Е П О Р А К А

Правото на работа е загарантирано со член 32 од Уставот на Р. Северна Македонија. Имено, Уставот предвидува дека секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права во член 6 го утврдува правото на работа што го вклучува правото на можноста секој слободно да ја избере својата работа додека во член 2 се тврди дека овој пакт се спроведува

без каква било дискриминација во однос на расата, бојата, **полот**, јазикот, религијата, политичкото или друго мислење, националното или социјалното потекло, имотот или друг статус. Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација носи општа препорака до сите правни и физички лица кои спроведуваат процес на вработување, **да создадат услови за вработување што ќе овозможат еднаков пристап на сите без дискриминација на граѓаните врз било која основа.**

Изготвил:
Исмаил Камбери – Член на Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје

Доставено до:

- [redacted] Скопје
- [redacted] Скопје